

# МИЛЕНА ПОПОВА

15 - 26 јуни 1999

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ



*Да се допре мудроста, за да се преживее се она што се доживува треба да се твори*

*Енграми - меморирани слики во човековата свест, мноштво симболи и фолклорни елементи, далечни еха на пораката дадени како на човечки битиа е тоа што е содржано во делата на Милена Попова. Во уметноста големото не мора да биде крупно, но мора да биде големо. Тајната на создавањето не можеме да ја откриеме, и токму тоа е нашата среќа, бидејќи се додека има повеќе прашања од одговори загатката на постоењето и создавањето трае. Дела во кои откриваме импресии на моментот, моменти на изненадување, непредвидливи игри во кои работата на раката го прати текот на мислите. Сето тоа сред лична митологија на поетските длабочини, помината низ филтрите на нејзината интуиција и спонтана субјективност како би ја откриле својата вистина. Облици и шари во дијалог со тајните на животот. Водена од својата лирска природа Милена Попова не се обидува на бекство, туку напротив таа останува и твори на макотрпниот пат бидејќи добро знае дека бекство не постои. Воспоставува ред сред хаосот што опкружува; парче вечност, постојаност на редот, но само како мал дел во нарушениот ред и хаос. Прибежишта и моменти на искреност од светот "голем" и раскошност на лични колоритни емоции. Од делата на Милена Попова извира онаа милозвучна енергија при што во допирот со највредното ликовно во нас побудува искреност и восхит.*

*Љупчо Маленков*



**МИЛЕНА ПОПОВА**

*Родена е на 5 декември 1966 година во Ќустендил - Бугарија. Завршила Уметничка гимназија во Софија, 1985 год.*

***Изложби:***

*1985 - Ќустендил - Прва самостојна изложба*
*1997 - Ќустендил - Втора самостојна изложба во Галеријата "Вл. Димитров Мајстора"*
*1999 - Учествува на општи и национални групни изложби*

***Колонии:***

*1997 - Ќустендил, "Св. Лука" 5. Меѓународна колонија*
*1998 - Кичево, 5. Меѓународна ликовна колонија*
*- Пловдив, Меѓународна колонија*

*Милена Попова работи во областа на живописот и минијатурата. Нејзини творби се дел од државните колекции на Мексико, САД, Грција, Германија, Франција и Бугарија.*





КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

*Издавач: Културно - информативен центар Скопје, за издавачот: Љупчо Маленков, дизајн:* **DE STILL**, *печати: Графотраде, тираж: 300*